Триглав Осигурување АД Скопје

Финансиски извештаи

за годината завршена на 31 декември 2024 и
Извештај на независниот ревизор

Содржина

Извештај на независниот ревизор 1

Финансиски извештаи
Извештај за финансиската состојба 3
Извештај за сеопфатна добивка 8
Извештај за парични текови 12
Извештај за промените во капиталот 14
Белешки кон финансиските извештаи 16
Прилог 1 – Годишен извештај
Прилог 2 – Годишна сметка

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.mazars.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје

Извештај за финансиските извештаи

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (во понатамошниот текст „Друштвото"), кои се состојат од извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2024 година и извештај за сеопфатната добивка, извештај за промените во капиталот и извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајните сметководствени политики и останатите објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во Република Северна Македонија, како и за воспоставување интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје на ден 31 декември 2024 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со регулативата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето во Република Северна Македонија.

Останато прашање

Ревизијата на финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2023 година била извршена од страна на друг ревизор, кој во својот извештај од 12 април 2024 година изразил мислење без резерва.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО СОПСТВЕНИКОТ И РАКОВОДСТВОТО НА
ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје (продолжение)

Извештај за други правни и регулаторни барања

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за трговските друштва. Истите беа прифатени и одобрени од раководството и Друштвото е во обврска да ги поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи што е во примена во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор
Управител

Ненад Ранѓеловиќ
Овластен ревизор

Скопје, 2 април 2025 година

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА)

		Белешка	31 декември 2024	31 декември 2023
АКТИВА				
А. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (002+003)	**001**	**23**	**36.310**	**30.346**
1. Гудвил	002		-	-
2. Останати нематеријални средства	003		36.310	30.346
Б. ВЛОЖУВАЊА (005+013+021+041)	**004**		**1.956.098**	**1.769.592**
I. ЗЕМЈИШТЕ, ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ И ОСТАНАТИ МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (006+009)	**005**		**150.040**	**39.037**
1. Земјиште и градежни објекти кои служат за вршење на дејноста (007+008)	006	**24А**	148.831	37.762
1.1 Земјиште	007		-	-
1.2 Градежни објекти	008		148.831	37.762
2. Земјиште, градежни објекти и останати средства кои не служат за вршење на дејноста (010+011+012)	009	**24Б**	1.209	1.275
2.1 Земјиште	010		-	-
2.2 Градежни објекти	011		1.209	1.275
2.3 Останати материјални средства	012		-	-
II.ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА ВО ДРУШТВА ВО ГРУПА - ПОДРУЖНИЦИ, ПРИДРУЖЕНИ ДРУШТВА И ЗАЕДНИЧКИ КОНТРОЛИРАНИ ЕНТИТЕТИ (014+015+016+017+018+019+020)	**013**	**25**	**14.750**	**15.794**
1. Акции, удели и останати сопственички инструменти од вредност во друштва во група - подружници	014		-	-
2. Должнички хартии од вредност кои ги издале друштва во група - подружници и заеми на друштва во група - подружници	015		-	-
3. Акции, удели и останати сопственички инструменти во придружени друштва	016	**25**	-	-
4. Должнички хартии од вредност кои ги издале придружени друштва и заеми на придружени друштва	017		-	-
5. Останати финансиски вложувања во друштва во група - подружници	018		-	-
6. Останати финансиски вложувања во придружени друштва	019		-	-
7. Вложувања во заеднички контролирани ентитети	020	**25**	14.750	15.794

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2024	31 декември 2023
III. ОСТАНАТИ ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА (022+025+030+035+040)	**021**	**26**	**1.791.308**	**1.714.761**
1. Финансиски вложувања кои се чуваат до достасување (023+024)	**022**		**-**	**-**
1.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	023		-	-
1.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	024		-	-
2. Финансиски вложувања расположливи за продажба (026+027+028+029)	**025**	**26А**	**1.328.006**	**1.219.257**
2.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	026		150.507	146.042
2.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	027		1.095.855	992.948
2.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти	028		67.498	60.656
2.4 Акции и удели во инвестициски фондови	029		14.146	19.611
3. Финансиски вложувања за тргување (031+032+033+034)	**030**		**64.389**	**30.004**
3.1 Должнички хартии од вредност со рок на достасување до една година	031		-	-
3.2 Должнички хартии од вредност со рок на достасување над една година	032		-	-
3.3 Акции, удели и останати сопственички инструменти	033		-	-
3.4 Акции и удели во инвестициски фондови	034	26Б	64.389	30.004
4. Депозити, заеми и останати пласмани (036+037+038+039)	**035**	**26В**	**398.913**	**465.500**
4.1 Дадени депозити	036		344.000	465.500
4.2 Заеми обезбедени со хипотека	037		-	-
4.3 Останати заеми	038	26Г	-	-
4.4 Останати пласмани	039	26В	54.913	-
5. Деривативни финансиски инструменти	040		-	-
IV. ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**041**		**-**	**-**
В. ДЕЛ ЗА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ ВО БРУТО ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ (043+044+045+046+047+048+049)	**042**	**27**	**651.389**	**651.386**
1. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервата за преносна премија	043		95.844	81.724
2. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто математичката резерва	044		-	-
3. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за штети	045		554.417	568.285
4. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто резервите за бонуси и попусти	046		1.128	1.377
5. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто еквилизационата резерва	047		-	-
6. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто останатите технички резерви	048		-	-
7. Дел за соосигурување и реосигурување во бруто техничките резерви за осигурување на живот каде ризикот од вложувањето е на товар на осигуреникот	049		-	-

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2024	31 декември 2023
Г. ФИНАНСИСКИ ВЛОЖУВАЊА КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК (ДОГОВОРИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ)	**050**		**-**	**-**
Д. ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА (052+053)	**051**	**28**	**10.700**	**12.575**
1. Одложени даночни средства	052		10.656	12.529
2. Тековни даночни средства	053		44	46
Ѓ. ПОБАРУВАЊА (055+059+063+067)	**054**		**363.342**	**411.327**
I. ПОБАРУВАЊА ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ (056+057+058)	**055**	**29**	**236.156**	**247.731**
1. Побарувања од осигуреници	056		226.133	218.158
2. Побарувања од посредници	057		9.916	29.480
3. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување	058		107	93
II. ПОБАРУВАЊА ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ (060+061+062)	**059**		**88.422**	**80.293**
1. Побарувања по основ на премија за сооосигурување и реосигурување	060		-	-
2. Побарувања по основ на учество во надомест на штети од соосигурување и реосигурување	061		88.422	80.293
3. Останати побарувања од работи на соосигурување и реосигурување	062		-	-
III. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА (064+065+066)	**063**		**38.764**	**83.303**
1. Останати побарувања од непосредни работи на осигурување	064	**30А**	33.045	32.194
2. Побарувања по основ на финансиски вложувања	065	**30Б**	712	46.179
3. Останати побарувања	066	**30В**	5.007	4.930
IV. ПОБАРУВАЊА ПО ОСНОВ НА ЗАПИШАН А НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ	**067**		**-**	**-**
Е. ОСТАНАТИ СРЕДСТВА (069+072+077)	**068**	**31**	**36.735**	**30.908**
I. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА КОИ СЛУЖАТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА (ОСВЕН ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ) (070+071)	**069**	**32А**	**14.353**	**17.198**
1. Опрема	070		13.766	16.611
2. Останати материјални средства	071		587	587
II. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ОСТАНАТИ ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (073+074+075+076)	**072**	**32Б**	**22.382**	**13.710**
1. Парични средства во банка	073		22.375	13.703
2. Парични средства во благајна	074		7	7
3. Издвоени парични средства за покривање на математичката резерва	075		-	-
4. Останати парични средства и парични еквиваленти	076		-	-
III. ЗАЛИХИ И СИТЕН ИНВЕНТАР	077		-	-
Ж. АКТИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАЗГРАНИЧУВАЊА (079+080+081)	**078**	**33**	**101.364**	**109.704**
1. Претходно пресметани приходи по основ на камати и наемнини	079		13.041	11.603
2. Одложени трошоци на стекнување	080		86.290	95.638
3. Останати пресметани приходи и одложени трошоци	081		2.033	2.463
З. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТО РАБОТЕЊЕ	**082**		**-**	**-**
S. ВКУПНА АКТИВА (А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З)	**083**		**3.155.938**	**3.015.838**
И. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА	**084**		**524.684**	**471.589**

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2024	31 декември 2023
ПАСИВА			-	-
А. КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ (086+090+091+095+101-102+103-104)	**085**	**34**	**943.979**	**874.691**
I. ЗАПИШАН КАПИТАЛ (087+088+089)	**086**		**185.223**	**185.223**
1. Запишан капитал од обични акции	087		185.223	185.223
2. Запишан капитал од приоритетни акции	088		-	-
3. Запишан а неуплатен капитал	089		-	-
II. ПРЕМИИ ЗА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ	**090**		**41.972**	**41.972**
III. РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА (092+093+094)	**091**		**(95.527)**	**(112.382)**
1. Материјални средства	092		377	377
2. Финансиски вложувања	093		(95.904)	(112.758)
3. Останати ревалоризациони резерви	094		-	-
IV. РЕЗЕРВИ (096+097+098-099+100)	**095**		**433.975**	**460.039**
1. Законски резерви	096		412.786	397.034
2. Статутарни резерви	097		-	-
3. Резерви за сопствени акции	098		-	-
4. Откупени сопствени акции	099		-	-
5 Останати резерви	100		21.189	63.005
V. НЕРАСПРЕДЕЛЕНА НЕТО ДОБИВКА	**101**		**325.901**	**252.581**
VI. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА	**102**		**-**	**-**
VII. ДОБИВКА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД	**103**		**52.435**	**47.257**
VIII. ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНИОТ ПРЕСМЕТКОВЕН ПЕРИОД	**104**		**-**	**-**
Б. СУБОРДИНИРАНИ ОБВРСКИ	**105**		**-**	**-**
В. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ (107+108+109+110+111+112)	**106**	**39**	**1.914.987**	**1.871.664**
I. Бруто резерви за преносни премии	107		632.706	574.497
II. Бруто математичка резерва	108		-	-
III. Бруто резерви за штети	109		1.274.916	1.292.018
IV. Бруто резерви за бонуси и попусти	110		7.365	5.149
V. Бруто еквилизациона резерва	111		-	-
VI. Бруто останати технички резерви	112		-	-
Г. БРУТО ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ ВО ОДНОС НА ДОГОВОРИ КАЈ КОИ ОСИГУРЕНИКОТ ГО ПРЕВЗЕМА ИНВЕСТИЦИСКИОТ РИЗИК	**113**		**-**	**-**
Д. ОСТАНАТИ РЕЗЕРВИ (115+116)	**114**	**40**	**28.783**	**27.599**
1. Резерви за вработени	115		19.379	18.195
2. Останати резерви	116		9.404	9.404

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА (БИЛАНС НА СОСТОЈБА) (продолжение)

		Белешка	31 декември 2024	31 декември 2023
Ѓ.ОДЛОЖЕНИ И ТЕКОВНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ (118+119)	**117**	**41**	**4.255**	**1.803**
1. Одложени даночни обврски	118		-	-
2. Тековни даночни обврски	119		4.255	1.803
Е. ОБВРСКИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ДЕПОЗИТИ НА ДРУШТВА ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ КАЈ ЦЕДЕНТИ, ПО ОСНОВ НА ДОГОВОРИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**120**		**-**	**-**
Ж. ОБВРСКИ (122+126+130)	**121**		**212.451**	**188.115**
I. ОБВРСКИ ОД НЕПОСРЕДНИ РАБОТИ НА ОСИГУРУВАЊЕ (123+124+125)	**122**	**42**	**-**	**-**
1. Обврски спрема осигуреници	123		-	-
2. Обврски спрема застапници и посредници	124		-	-
3. Останати обврски од непосредни работи на осигурување	125		-	-
II. ОБВРСКИ ОД РАБОТИ НА СООСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ (127+128+129)	**126**	**42**	**158.431**	**126.333**
1. Обврски по основ на премија за соосигурување и реосигурување	127		158.431	126.333
2. Обврски по основ на учество во надомест на штети	128		-	-
3. Останати обврски од работи на соосигурување и реосигурување	129		-	-
III. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ (131+132+133)	**130**	**43**	**54.020**	**61.782**
1. Останати обврски од непосредни работи на осигурување	131		31.315	35.016
2. Обврски по основ на финансиски вложувања	132		140	140
3. Останати обврски	133		22.565	26.626
З. ПАСИВНИ ВРЕМЕНСКИ РАГРАНИЧУВАЊА	**134**	**44**	**51.483**	**51.966**
S. НЕТЕКОВНИ ОБВРСКИ ВО ВРСКА СО НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА	**135**		**-**	**-**
И. ВКУПНА ПАСИВА А+Б+В+Г+Д+Ѓ+Е+Ж+З+S	**136**		**3.155.938**	**3.015.838**
Ј. ВОН-БИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – ПАСИВА	**137**		**524.684**	**471.589**

Белешките на страните 16 – 78 се составен дел на овие финансиски извештаи.

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
А. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (201+210+223а+224+225)	**200**		**1.279.292**	**1.235.059**
I. ЗАРАБОТЕНА ПРЕМИЈА (НЕТО ПРИХОДИ ОД ПРЕМИЈА (202+203+204-205-206-207+208+209)	**201**	**10**	**1.083.843**	**1.066.756**
1. Бруто полисирана премија за осигурување	202		1.618.108	1.472.638
2. Бруто полисирана премија за соосигурување	203		-	-
3. Бруто полисирана премија за реосигурување/ретроцесија	204		-	-
4. Бруто полисирана премија предадена во соосигурување	205		-	-
5. Бруто полисирана премија предадена во реосигурување/ ретроцесија	206		490.176	435.167
6. Промена во бруто резервата за преносна премија	207		58.209	(38.307)
7. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за соосигурување	208		-	-
8. Промена во бруто резервата за преносна премија - дел за реосигурување	209		14.120	(9.022)
II. ПРИХОДИ ОД ВЛОЖУВАЊА (211+212+216+217+218+219+223)	**210**	**11**	**66.426**	**57.641**
1. Приходи од подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	**211**		**-**	**-**
2. Приходи од вложувања во земјиште и градежни објекти (213+214+215)	**212**		**1.876**	**1.876**
2.1 Приходи од наемнини	213		1.876	1.876
2.2 Приходи од зголемување на вредноста на земјиште и градежни објекти	214		-	-
2.3 Приходи од продажба на земјиште и градежни објекти	215		-	-
3. Приходи од камати	**216**		**60.773**	**52.249**
4. Позитивни курсни разлики	**217**		**4**	**55**
5. Вредносно усогласување (нереализирани добивки, сведување на објективна вредност)	**218**		**243**	**4**
6. Реализирани добивки од продажба на финансиски имот - капитална добивка (220+221+222)	**219**		**2.913**	**2.675**
6.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба	220		1.882	2.124
6.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност)	221		1.031	551
6.3 Останати финансиски вложувања	222		-	-
7. Останати приходи од вложувања	**223**		**617**	**782**

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
III. ПРИХОДИ ПО ОСНОВ НА ПРОВИЗИИ ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ	**223а**	**12**	**103.827**	**89.255**
IV. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ПРИХОДИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ	**224**	**12**	**8.259**	**8.514**
V. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ	**225**	**13**	**16.937**	**12.893**
Б. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (227+235+245+248+251+261+271+274+275)	**226**		**1.214.844**	**1.180.156**
I. НАСТАНАТИ ШТЕТИ (НЕТО ТРОШОЦИ ЗА ШТЕТИ) (228-229-230-231+232-233-234)	**227**	**14**	**594.485**	**572.163**
1. Бруто исплатени штети	228		737.255	596.627
2. Намалување за приходот од бруто реализирани регресни побарувања	229		24.255	18.618
3. Бруто исплатени штети – дел за соосигурување	230		-	-
4. Бруто исплатени штети – дел за реосигурување/ретроцесија	231		115.281	83.797
5. Промени во бруто резервите за штети	232		(17.102)	564.410
6. Промени во бруто резервите за штети – дел за соосигурување	233		-	-
7. Промени во бруто резервите за штети – дел за реосигурување	234		(13.868)	486.459
II. ПРОМЕНИ ВО ОСТАНАТИТЕ ТЕХНИЧКИ РЕЗЕРВИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (236+239+242)	**235**		**2.466**	**2.122**
1. Промени во математичката резерва, нето од реосигурување (237-238)	**236**		**-**	**-**
1.1 Промени во бруто математичката резерва	237		-	-
1.2 Промени во бруто математичката резерва - дел за соосигурување/реосигурување	238		-	-
2. Промени во еквилизационата резерва, нето од реосигурување (240-241)	**239**		**-**	**-**
2.1. Промени во бруто еквилизационата резерва	240		-	-
2.2 Промени во бруто еквилизационата резерва - дел за соосигурување/реосигурување	241		-	-
3. Промени во останатите технички резерви, нето од реосигурување (243-244)	**242**		**2.466**	**2.122**
3.1 Промени во останатите бруто технички резерви	243		2.216	2.411
3.2 Промени во останатите бруто технички резерви – дел за соосигурување и реосигурување	244		(250)	289

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
III. ПРОМЕНИ ВО БРУТО МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ КАДЕ ИНВЕСТИЦИОНИОТ РИЗИК Е НА ТОВАР НА ОСИГУРЕНИКОТ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (246-247)	**245**		-	-
1. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот	246		-	-
2. Промени во бруто математичката резерва за осигурување на живот каде инвестициониот ризик е на товар на осигуреникот – дел за соосигурување и реосигурување	247		-	-
IV. ТРОШОЦИ ЗА БОНУСИ И ПОПУСТИ, НЕТО ОД РЕОСИГУРУВАЊЕ (249+250)	**248**	**15**	**44.411**	**34.027**
1. Трошоци за бонуси (кои зависат од резултатот)	249		657	2.193
2. Трошоци за попусти (кои не зависат од резултатот)	250		43.754	31.834
V. НЕТО ТРОШОЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО (252+256)	**251**		**517.130**	**513.253**
1. Трошоци за стекнување (253+253а+254+255)	**252**	**16**	**202.949**	**219.223**
1.1 Провизија	253		95.155	107.123
1.2 Бруто плати за вработените во внатрешната продажна мрежа	253а		97.478	98.749
1.3 Останати трошоци за стекнување	254		968	2.019
1.4 Промена во одложените трошоци за стекнување (+/-)	255		9.348	11.332
2. Административни трошоци (257+258+259+260)	**256**	**17**	**314.181**	**294.030**
2.1 Амортизација на материјални средства кои служат за вршење на дејноста	257		15.362	16.175
2.2 Трошоци за вработените (258а+258б+258в+258г+258д)	258		118.179	105.145
2.2.1 Плати и надоместоци	258а		66.714	60.212
2.2.2 Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	258б		6.294	5.553
2.2.3 Придонеси од задолжително социјално осигурување	258в		27.870	24.986
2.2.4 Трошоци за дополнително пензиско осигурување за вработени	258г		-	-
2.2.5 Останати трошоци за вработени	258д		17.302	14.394
2.3 Трошоци за услуги на физички лица кои не вршат дејност (договори за работа, авторски договори и други правни односи) заедно со сите давачки	259		739	720
2.4 Останати административни трошоци (260а+260б+260в)	260		179.899	171.988
2.4.1 Трошоци за услуги	260а		150.706	138.763
2.4.2 Материјални трошоци	260б		17.180	17.542
2.4.3 Трошоци за резервирање и останати трошоци од работењето	260в		12.013	15.683

БУ: Биланс на успех (Извештај за сеопфатна добивка) (продолжение)

		Белешка	Тековна деловна година	Претходна деловна година
VI. ТРОШОЦИ ОД ВЛОЖУВАЊА (262+263+264+265+266+270)	**261**	**18**	**634**	**833**
1. Амортизација и вредносно усогласување на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста	**262**		**66**	**60**
2. Трошоци за камати	**263**		**-**	**-**
3. Негативни курсни разлики	**264**		**2**	**118**
4. Вредносно усогласување (нереализирани загуби, сведување на објективна вредност)	**265**		**-**	**-**
5. Реализирани загуби од продажба на финансиски имот - капитална загуба (267+268+269)	**266**		**-**	**-**
5.1 Финансиски вложувања расположливи за продажба	267		-	-
5.2 Финансиски вложувања за тргување (по објективна вредност)	268		-	-
5.3 Останати финансиски вложувања	269		-	-
6. Останати трошоци од вложувања	**270**		**566**	**655**
VII. ОСТАНАТИ ОСИГУРИТЕЛНО ТЕХНИЧКИ ТРОШОЦИ, НАМАЛЕНИ ЗА РЕОСИГУРУВАЊЕ (272+273)	**271**	**19**	**57.987**	**63.803**
1. Трошоци за превентива	272		-	-
2. Останати осигурително технички трошоци , намалени за реосигурување	273		57.987	63.803
VIII. ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА ПРЕМИЈА	**274**	**20**	**(3.684)**	**(7.970)**
IX. ОСТАНАТИ РАСХОДИ, ВКУЧУВАЈЌИ И ВРЕДНОСНИ УСОГЛАСУВАЊА	**275**	**21**	**1.415**	**1.925**
X. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (200-226)	**276**		**64.448**	**54.903**
XI. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (226-200)	**277**		**-**	**-**
XII. ДАНОК НА ДОБИВКА ОДНОСНО ЗАГУБА	**278**	**22**	**12.013**	**7.646**
XIII. ОДЛОЖЕН ДАНОК	**279**		**-**	**-**
XIV. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ (276-278-279)	**280**		**52.435**	**47.257**
XV. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА ПО ОДДАНОЧУВАЊЕ (277-278-279)	**281**		**-**	**-**

Белешките на страните 16 – 78 се составен дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи прикажани на страниците од 3 до 78 се одобрени од извршните членови на Одборот на директори на 27.02.2025 година и потпишани од:

Г-дин Ѓорѓе Војновиќ
Главен извршен директор

ТРИГЛАВ ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ

Г-дин Војдан Јорданов
Извршен директор

ПТ: Извештај за паричните текови

		Тековна деловна година	Претходна деловна година
А. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ	**а**		
I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (301+302+303+304+305)	**300**	**1.598.608**	**1.502.541**
1. Премија за осигурување и соосигурување и примени аванси	301	1.522.116	1.448.441
2. Премија за реосигурување и ретроцесија	302	-	-
3. Приливи од учество во надомест на штети	303	27.138	2.982
4. Примени камати од работи на осигурување	304	-	-
5. Останати приливи од деловни активности	305	49.354	51.118
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (307+308+309+310+311+312+313+314)	**306**	**1.524.619**	**1.394.153**
1. Исплатени штети, договорени суми на осигурување, учество во надомест на штети од соосигурување и дадени аванси	307	692.512	592.614
2. Исплатени штети и учество во надомест на штети од реосигурување и ретроцесија	308	-	-
3. Премија за соосигурување, реосигурување и ретроцесија	309	277.571	283.438
4. Надоместоци и други лични расходи	310	213.814	198.220
5. Останати трошоци за спроведување на осигурување	311	328.479	306.160
6. Платени камати	312	-	-
7. Данок на добивка и останати јавни давачки	313	11.765	13.375
8. Останати одливи од редовни активности	314	478	346
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (300-306)	**315**	**73.989**	**108.388**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ (306-300)	**316**	**-**	**-**
Б. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ВЛОЖУВАЊА	**б**	**-**	**-**
V. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (318+319+320+321+322+323+324+325)	**317**	**1.141.431**	**722.016**
1. Приливи по основ на нематеријални средства	318	-	-
2. Приливи по основ на материјални средства	319	11.910	291
3. Приливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото	320	-	-
4. Приливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	321	-	-
5. Приливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување	322	-	-
6. Приливи по основ на останати финансиски пласмани	323	1.076.112	680.643
7. Приливи од дивиденди и останати учества во добивка	324	661	763
8. Приливи од камати	325	52.748	40.319

ПТ: Извештај за паричните текови (продолжение)

		Тековна деловна година	Претходна деловна година
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (327+328+329+330+331+332+333+334)	**326**	**1.206.847**	**835.157**
1. Одливи по основ на нематеријални средства	327	6.409	14.059
2. Одливи по основ на материјални средства	328	125.757	868
3. Одливи по основ на материјални средства кои не служат за вршење на дејноста на друштвото	329	-	-
4. Одливи по основ на вложувања во друштва во група – подружници, придружени друштва и заеднички контролирани ентитети	330	-	-
5. Одливи по основ на вложувања кои се чуваат до достасување	331	-	-
6. Одливи по основ на останати финансиски пласмани	332	1.074.681	820.230
7. Одливи од дивиденди и останати учества во добивка	333	-	-
8. Одливи од камати	334	-	-
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (317-326)	**335**	**-**	**-**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ВЛОЖУВАЊА (326-317)	**336**	**65.416**	**113.141**
В. ПАРИЧНИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ	**в**	**-**	**-**
I. ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (338+339+340)	**337**	**-**	**-**
1. Приливи по основ на зголемување на акционерскиот капитал	338	-	-
2. Приливи по основ на примени краткорочни и долгорочни кредити и заеми	339	-	-
3. Приливи по основ на останати долгорочни и краткорочни обврски	340	-	-
II. ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (342+343+344)	**341**	**-**	**-**
1. Одливи по основ на отплата на краткорочни и долгорочни кредити и заеми и останати обврски	342	-	-
2. Одливи по основ на откуп на сопствени акции	343	-	-
3. Одливи по основ на исплата на дивиденда	344	-	-
III. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (337-341)	**345**	**-**	**-**
IV. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ ОД ФИНАНСИСКИ АКТИВНОСТИ (341-337)	**346**	**-**	**-**
Г. ВКУПНО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ (300+317+337)	**347**	**2.740.039**	**2.224.557**
Д. ВКУПНО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ (306+326+341)	**348**	**2.731.466**	**2.229.310**
Ѓ. НЕТО ПАРИЧНИ ПРИЛИВИ (347-348)	**349**	**8.573**	**-**
Е. НЕТО ПАРИЧНИ ОДЛИВИ (348-347)	**350**	**-**	**4.753**
Ж. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПОЧЕТОКОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД	**351**	**13.710**	**18.450**
З. ЕФЕКТ ОД ПРОМЕНА НА КУРСОТ НА СТРАНСКИ ВАЛУТИ ВРЗ ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ	**352**	**99**	**13**
S. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ НА КРАЈОТ НА ПРЕСМЕТКОВНИОТ ПЕРИОД (349-350+351+352))	**353**	**22.382**	**13.710**

Белешките на страните 16 – 78 се составен дел на овие финансиски извештаи

ПК: Извештај за промени во капиталот

				Резерви									
		Акционерски капитал	Премии на емитирани акции	Законски резерви	Статутарни резерви	Резерви за сопствени акции	Ост. резерви	Вкупно резерви	Откупени сопствени акции	Реваloриза ционна резерва	Нераспределена добивка или пренесена загуба	Добивка/ загуба за тековната година	Вкупно капитал и резерви
Состојба на 1 јануари претходната деловна година	**I**	**185.223**	**41.972**	**383.541**	**-**	**-**	**60.034**	**443.575**	**-**	**(119.717)**	**228.566**	**40.478**	**820.097**
Промена во сметководствените политики	I1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исправка на грешки во претходниот период	I2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари претходната деловна година – исправено	**II**	**185.223**	**41.972**	**383.541**	**-**	**-**	**60.034**	**443.575**	**-**	**(119.717)**	**228.566**	**40.478**	**820.097**
Добивка или загуба за претходната деловна година	**III**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**7.335**	**-**	**47.257**	**54.592**
Добивка или загуба за претходната деловна година	III1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	47.257	**47.257**
Несопственички промени во капиталот	**III2**	-	-	-	-	-	-	-	-	7.335	-	-	**7.335**
Нереализирани добивки/загуби од материјални средства	III2,1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	III2,2	-	-	-	-	-	-	-	-	7.335	-	-	**7.335**
Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	III2,3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати несопственички промени во капиталот	III2,4	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Сопственички промени во капиталот	**IV**	**-**	**-**	**13.493**	**-**	**-**	**2.970**	**16.463**	**-**	**-**	**24.015**	**(40.478)**	**-**
Зголемување.намалување на акционерскиот капитал	IV1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати уплати од страна на сопствениците	IV2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исплата на дивиденда	IV3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останата распределба на сопствениците	IV4	-	-	13.493	-	-	2.970	16.463	-	-	24.015	(40.478)	**-**
Состојба на 31 декември претходната деловна година (исправена)	**V**	**185.223**	**41.972**	**397.034**	**-**	**-**	**63.004**	**460.038**	**-**	**(112.382)**	**252.581**	**47.257**	**874.689**

ПК: Извештај за промени во капиталот (продолжение)

				Резерви									
		Акционерски капитал	Премии на емитирани акции	Законски резерви	Статутарни резерви	Резерви за сопствени акции	Ост. резерви	Вкупно резерви	Откупени сопствени акции	Ревалоризациона резерва	Нераспределена добивка или пренесена загуба	Добивка/ загуба за тековната година	Вкупно капитал и резерви
Состојба на 1 јануари тековната деловна година	**VI**	**185.223**	**41.972**	**397.034**	**-**	**-**	**63.004**	**460.038**	**-**	**(112.382)**	**252.581**	**47.257**	**874.689**
Промена во сметководствените политики	VI1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исправка на грешки во претходниот период	VI2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Состојба на 1 јануари тековната деловна година – преправено	**VII**	**185.223**	**41.972**	**397.034**	**-**	**-**	**63.004**	**460.038**	**-**	**(112.382)**	**252.581**	**47.257**	**874.689**
Добивка или загуба за тековната деловна година	**VIII**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**-**	**16.855**	**-**	**52.435**	**69.290**
Добивка или загуба за тековната деловна година	VIII1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**52.435**	**52.435**
Несопственички промени во капиталот	VIII2	-	-	-	-	-	-	-	-	16.855	-	-	**16.855**
Нереализирани добивки/загуби од материјални средства	VIII2,1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Нереализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	VIII2,2	-	-	-	-	-	-	-	-	16.855	-	-	**16.855**
Реализирани добивки/загуби од финансиски вложувања расположливи за продажба	VIII2,3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати несопственички промени во капиталот	VIII2,4	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Сопственички промени во капиталот	**IX**	**-**	**-**	**15.752**	**-**	**-**	**(41.815)**	**(26.063)**	**-**	**-**	**73.320**	**(47.257)**	**(0)**
Зголемување/намалување на акционерскиот капитал	IX1	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останати уплати од страна на сопствениците	IX2	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Исплата на дивиденда	IX3	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	**-**
Останата распределба на сопствениците	IX4	-	-	15.752	-	-	(41.815)	**(26.063)**	-	-	73.320	(47.257)	**(0)**
Состојба на 31 декември тековната деловна година	**X**	**185.223**	**41.972**	**412.786**	**-**	**-**	**21.189**	**433.975**	**-**	**(95.527)**	**325.901**	**52.435**	**943.979**

Белешките на страните 16 – 78 се составен дел на овие финансиски извештаи.

1. Општи информации

Триглав осигурување АД Скопје ("Друштвото") е акционерско друштво регистрирано и со седиште во Република Северна Македонија.

Друштвото е иницијално основано во 1968 година како дел од Зоил Дунав Београд. Своето осамостојување друштвото го добива во 1994 година, со трансформација и регистрација во акционерско Друштво со решение бр.09-5278/1, добиено од страна на Министерството за финансии на Република Македонија.

На 15 ноември 2007 година се промени сопственичката структура на А.Д за осигурување Вардар - Скопје, со блок трансакција на македонската берза, каде што, Заваровалница Триглав д.д, откупува 70,36% од акционерскиот капитал и станува сопственик на мнозинскиот дел од акциите.

Во 2011 година акциите на Заваровалница Триглав д.д. беа пренесени на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана, кога исто така, беше зголемено и учеството во акционерскиот капитал од 73,38%.

На 20 септември 2011 година, настана промена на името на Друштвото и ребрендирање од АД за осигурување ВАРДАР Скопје во Триглав осигурување АД Скопје.

На 31 декември 2024 година, квалификуваното учество во Триглав осигурување АД Скопје припаѓа на Триглав Инт. Холдинска Дружба д.д. Љубљана (82,01%). Крајна матична холдинг компанија е Заваровалница Триглав д.д.

Друштвото е регистрирано за вршење на 18 класи на неживотно осигурување, а најзначајни активности на Друштвото се осигурување од незгоди, одговорност кон трети лица, осигурување на моторни возила, општо осигурување од одговорност, осигурување од пожар, осигурување на домаќинства, како и осигурување на имот.

Во согласност со член 80-а и член 6 од Правилата за котација на Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје, од мај 2013 година акциите на Триглав Осигурување АД, Скопје котираат на подсегментот Задолжителна котација на Македонската Берза. Со тоа, Друштвото има постојана обврска да ги објавува сите информации нужни за проценка на моменталната состојба на друштвото, вклучувајќи ги и објавувањата кои се однесуваат на деловното работење, капиталот, значајни промени во финансиската состојба, дивидендниот календар, како и објавувањето на финансиски извештаи.

2. Органи на Друштвото

Начинот на управување на Триглав Осигурување АД, Скопје е според едностепен систем на управување.

Органи на Друштвото се:

- Собрание на акционери и
- Одбор на директори, со помошно тело Ревизорска комисија

Органите на Друштвото дејствуваат во согласност со законите и останатите прописи, Статутот и интерните прописи за работење.

Членовите на Одборот на директори се прикажани во продолжение:

- Г-дин Ѓорѓе Војновиќ, МБА – извршен член - главен извршен директор; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Војдан Јорданов MScBA – извршен член - извршен директор; магистер на науки за бизнис администрација, менаџмент на иновации;
- Г-дин Тедо Џекановиќ, МБА – Претседател на Одборот на директори; магистер по бизнис администрација;
- Г-дин Дарко Поповски, МБА – неизвршен член; магистер по бизнис администрација;

2. Органи на Друштвото (продолжение)

- Г-дин Блаж Кметец, неизвршен член, магистер по финасии;
- Г-дин Матеј Ферлан, МБА – независен неизвршен член- магистер по бизнис администрација и
- Г-дин Ѓорѓи Јанчевски, дипломиран економист- независен неизвршен член,
- Г-дин Матеј Нарат, магистер по економија - независен неизвршен член.

Во текот на 2024 година, Одборот на директори одржа единаесет (11) седници на кои беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото. Одборот на директори разгледуваше и решаваше и за други работи од тековен карактер кои се во негова надлежност.

Со цел благовремено и квалитетно извршување на обврските од страна на Одборот на директори формирана е Ревизорска комисија како помошно тело на Одборот на директори. Ревизорската комисија обезбедува надзор и контрола на интегритетот на финансиско известување, внатрешна контрола, ефективност на внатрешната ревизија и дава препорака за избор на друштво за ревизија.

Ревизорската комисија има 4 (четири) члена и тоа:
- г-ѓа Матеја Гержина, претседател на Ревизорската комисија;
- г-ѓа Јана Полда, член;
- г-дин Бранко Флисар, член и
- г-дин Миран Крашевец.

Во временскиот период од 01.01.2024 година до 31.12.2024 година Ревизорската комисија одржа шест (6) седници на кои што беа разгледувани значајни прашања од делокругот на работењето на Друштвото, а кои особено се однесуваат на сметководственото и финансиското работење на Друштвото, работата на внатрешната и надворешната ревизија, ефикасноста на работењето на внатрешните контроли и управување со ризици, инспекциските и надворешните контроли во Друштвото и слично.

3. Вработени

На 31 декември 2024 година, Друштвото имаше 205 вработени (2023: 207) од кои што 129 се интерно вработени (2023: 128), а 76 (2023: 79) се застапници.

4. Основа за изготвување

(а) Извештај за усогласеност

Финансиските извештаи се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/2004 со измените 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 162/2012, 70/2013, 119/2013,120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 , 290/2020, 215/2021, 99/22 и 272/24), Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија објавени во *"Правилникот за водење сметководство"* во Службен весник број 159/2009, 164/2010 и 107/2011 применлив од 1 јануари 2012 година, "*Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси*" објавен во Службен весник број 169/2010, 141/2013, 61/2016 и 107/2020, „*Правилникот за контен план за друштвата за осигурување и реосигурување*" објавен во Службен весник број 148/2010, 41/2011, 170/2019 и 303/2021, и се презентирани во согласност со "*Правилникот за формата и содржината на финансиските извештаи и детална содржина на годишниот извештај за работењето на друштвата за осигурување и/или и реосигурување*" објавен во Службен весник број 5/2011, 41/2011 64/2011, 187/2013, 61/2016,170/2019 и 118/2022).

На 3 април 2024 година, донесен е нов Правилник за водење сметководство ("Службен весник" 75/2024) во кој се објавени Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ), заедно со толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) и толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ), утврдени и издадени од Одборот за меѓународни сметководствени стандарди (ОМСС) заклучно со 1 јануари 2023 година. Овој правилник ќе стапи во примена од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 Договори за осигурување и МСФИ 9 Финансиски инструменти, кои ќе се применуваат од 1 јануари 2028 година.

МСФИ 16 „Лизинг" (МСФИ 16) - обезбедува сеопфатен модел за идентификација на договорите за наем и нивниот третман во финансиските извештаи и за наемодавателите и за наемопримачите. Друштвото ја избра делумно ретроспективната примена на МСФИ 16. Следствено, Друштвото ќе признае средство со право на користење на денот на почетна примена на износ еднаков на обврската за лизинг. Ефектите на 1 јануари 2025 година се како што следува: средство со право на користење и обврски за лизинг во износ од 14.260 илјади денари.

(б) Основи за мерење

Финансиските извештаи се изготвени според историската вредност освен за:

- средствата расположливи-за-продажба, а кои се мерат по објективна вредност,
- финансиски средства за тргување, а кои се мерат по објективна вредност.

(в) Функционална и презентациска валута

Финансиските извештаи се прикажани во македонски денари ("МКД" или "денари"), кои се функционална и презентациска валута на Друштвото. Освен каде што е наведено, финансиските информации се прикажани во илјади македонски денари.

4. Основа за изготвување (продолжение)

(г) Користење на проценки и расудувања

Изготвувањето на финансиските извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија, Законот за супервизија на осигурувањето, и останатите пропишани законски и подзаконски акти од Агенцијата за супервизија на осигурувањето бара од раководството да прави расудувања, проценки и претпоставки кои влијаат на примената на политиките и прикажаните износи на средствата, обврските, приходите и расходите. Реалните состојби може да се разликуваат од овие проценки.

Проценките и претпоставките постојано се прегледуваат. Измените на сметководствените проценки се признаваат во периодот во кој е извршена измена на проценката, доколку измената влијае само на тој период или се признаваат и во идните периоди доколку измената влијае и на идните периоди.

Информациите во врска со расудувањата направени од раководството во примената на сметководствените стандарди кои имаат значително влијание на финансиските извештаи се прикажани во белешка 6.

(д) Трансакции во странска валута

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакциите. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на денот на известувањето се превреднуваат во денари според средниот курс важечки на денот на известувањето. Добивките и загубите од курсните разлики од монетарните средства се разлика помеѓу амортизираната набавна вредност во денари на почеток на периодот, корегирана за ефективна камата и плаќања во текот на периодот и амортизираната набавна вредност во странска валута вреднувана според курсот важечки на крајот на периодот.

Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута, и кои се мерат по објективна вредност, се превреднуваат во денари според курсот важечки на денот на определувањето на објективната вредност. Курсните разлики кои произлегуваат од превреднувањето на износите во странска валута се признаени во извештајот за сеопфатната добивка, освен курсните разлики кои произлегуваат од превреднување на сопственичките хартии од вредност, кои се признаваат директно во капиталот.

Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута кои се мерат по историска вредност се превреднуваат според курсот важечки на денот на трансакцијата.

Девизните средства со кои што работи Друштвото се претежно евра (ЕУР).

Официјалните курсеви важечки на 31 декември 2024 и 2023 година беа како што следи:

	2024	2023
	МКД	МКД
1 ЕУР	61,4950	61,4950

5. Значајни сметководствени политики

Сметководствените политики наведени подолу се конзистентно применети за сите периоди презентирани во овие финансиски извештаи.

(а) Класификација на договорите за осигурување

Договори за осигурување се договори со кои Друштвото прифаќа значителен ризик од осигурување од другата договорна страна (осигуреникот), согласувајќи се да го обештети осигуреникот доколку определен неизвесен иден настан (осигурен настан) неповолно влијае на осигуреникот. Ризикот од осигурување се разликува од финансискиот ризик. Финансискиот ризик е ризик од можни идни промени на една или повеќе од специфицираните каматни стапки, цените на хартиите од вредност, цените на добрата, курсевите на странски валути, индексот на цените или стапките, кредитниот рејтинг или кредитниот индекс или друга променлива компонента, која се менува во случај на нефинансиска променлива која што не се однесува на договорната страна. Осигурителните договори можат да носат и финансиски ризик.

Ризикот од осигурување е значителен ако, и само ако, осигурениот настан може да предизвика Друштвото да плати значителни дополнителни користи. Доколку еден договор се класифицира како договор за осигурување тој останува класифициран како договор за осигурување се додека сите права и обврски од истиот не згаснат или истечат.

(б) Договори за осигурување

(i) Признавање и мерење

Општи договори за осигурување

Премии

Бруто полисираните премии го рефлектираат работењето во текот на годината и не вклучуваат даноци или обврски по основ на премии.

Заработениот дел од премиите се признава како приход. Премиите се заработени од датумот на настанување на ризикот за времетраење на период на обештетување, врз основа на моделот на преземени ризици. Пренесената премија за реосигурителот се признава како трошок во согласност со моделот на добиени услуги од реосигурителот во истиот сметководствен период, како и директно поврзаната премијата за соодветното осигурување.

Резерва за преносна премија

Резервата за преносна премија се состои од делот од бруто полисирани премии кој се проценува дека ќе се заработи во следната година, пресметан за секој поодделен договор за осигурување, користејќи го дневниот про-рата метод и доколку е потребно, корегиран за да ја одрази промената во настанувањето на ризикот за периодот покриен со договорот.

Штети

Настанатите штети ги опфаќаат трошоците за подмирување на платени и неподмирени штети кои што произлегуваат од настани кои се случиле во тековната финансиска година заедно со корекциите на резервата за штети од претходната година.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(б) Договори за осигурување (продолжение)

(i) Признавање и мерење (продолжение)

Штети (продолжение)

Исплатените штети се признаваат во моментот на обработката на штетите и се признаваат во износот кој ќе биде исплатен при подмирувањето на штетата. Износот на исплатената штета во неживотното осигурување се зголемува за трошоците за обработка на штетата.

Резервите за штети ги опфаќаат резервите на Друштвото за проценетите трошоци за подмирување на сите настанати штети на денот на извештајот за финансиската состојба без оглед дали штетите се пријавени или не, и со нив поврзаните интерни трошоци за решавање на штетите, како и соодветната маржа за внимателност. Резервираните штети се проценуваат преку прегледување на поодделни штети и определување на посебна резерва за настанатите, но непријавени штети, ефектот на интерните и екстерните предвидливи настани, како што е промената на процедурите за разрешување на штетите, инфлацијата, судските трендови, промени во законската регулатива, како и минати искуства и трендови. Резервите за штети не се дисконтираат.

Предвидените надомести од реосигурителот и проценетиот повраток се прикажани поединечно како средства. Надоместите од реосигурителот и останати надомести се проценуваат на ист начин како и пријавените штети.

Иако раководството смета дека бруто резервите за штети и поврзаните со нив надомести од реосигурителот се објективно презентирани врз основа на податоците моментално достапни, конечната обврска ќе варира како резултат на последователни информации и настани и може да резултира со значајни корекции на резервираниот износ. Применетите методи и направените проценки, се проверуваат редовно.

(ii) Средства од реосигурување

Друштвото цедира реосигурување при своето редовно работење заради намалување на потенцијалните нето загуби преку дисперзирање на ризиците. Средствата, обврските, приходите и расходите кои произлегуваат од договорите за реосигурување се презентираат одвоено од со нив поврзаните средства, обврски, приходи и расходи од договорите за осигурување, поради тоа што договорите за реосигурување не го ослободуваат Друштвото од неговите директни обврски кон осигурениците.

Само правата од договорите кои предизвикуваат значителен пренос на ризикот од осигурување се сметаат за средства од реосигурување. Правата од договорите со кои не се врши пренос на значителен дел на ризикот од осигурување се сметаат за финансиски инструменти.

Премиите за реосигурување се признаваат како трошок конзистентно со основата за признавање на премиите од со нив поврзаните договори за осигурување. За основниот осигурителен бизнис, премиите од реосигурување се признаваат како расход во текот на периодот покриен со реосигурувањето, во согласност со очекуваното однесување на реосигурениот ризик.

Делот од преотстапената премија за реосигурување што не се признава како расход се вклучува во средствата од реосигурување.

Нето износот платен на реосигурителот на почетокот на договорот може да биде помал од средствата од реосигурување признаени од Друштвото врз основа на правата од договорот за реосигурување. Разликата помеѓу премијата за реосигурителот и признаеното средство од реосигурување се вклучува во извештајот за сеопфатната добивка во периодот кога премијата од реосигурување достасува.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(б) Договори за осигурување (продолжение)

(ii) Средства од реосигурување (продолжение)

Износот на признаеното средство од реосигурување се мери конзистентно со мерењето на резервата за со нив поврзаните договори за осигурување.

На секој датум на извештајот за финансиската состојба се проценува оштетувањето на средствата од реосигурување. Средството се смета дека е оштетено доколку постои објективен доказ дека, како резултат на настан кој се случил по почетното признавање, Друштвото не е во можност да го поврати целиот преостанат износ на средството и дека настанот има влијание на износот кој Друштвото ќе го прими од реосигурителот и кој може соодветно да се измери.

(iii) Одложени трошоци за стекнување

Трошоците настанати при стекнувањето на општите договори за осигурување се одложуваат до таа мерка до која можат да се надоместат од идните маржи. Трошоците за стекнување вклучуваат:

- Трошоци за провизија,
- Бруто плати на вработени во внатрешната продажна мрежа,
- Трошоци за одобрени бонуси и попусти за склучени договори за осигурување и
- останати директни трошоци за стекнување на полиси за осигурување кои се однесуваат непосредно на склучувањето на нови договори за осигурување или обнова на постоечки договори за осигурување.

Друштвото не ги одложува трошоците кои:

- Би настанале без оглед дали е склучен или не договор за осигурување,
- Не може директно да се поврзат со конкретен договор за осигурување.

Трошоците за стекнување се одложуваат на принцип конзистентен со начинот на кој Друштвото ги признава приходите од полисираната премија, односно на pro rata temporis методот.

(iv) Тест за соодветност на обврската

Тестовите за соодветност на обврската се прават за да се утврди дали резервите по договорите за осигурување, намалени за одложените трошоци за стекнување и поврзаните со нив нематеријални средства, како оние стекнати во деловни комбинации или со пренос на портфолио се соодветни. Доколку се идентификува дека резервите не се доволни, во тој случај поврзаните одложени трошоци за стекнување и поврзаните со нив нематеријални средства се отпишуваат и доколку е потребно, се утврдува дополнителна резерва. Недостатокот се признава во извештајот за сеопфатната добивка за тековната година.

На секој датум на извештајот за финансиската состојба се претпоставува дека развојот на штети во преостанатиот период на портфолиото ќе биде ист со развојот на штети за време на целата година. За потребите на овие анализи износот на настанатите штети во секоја година во врска со договорите валидни на датумот на извештајот за финансиската состојба се споредува со вредноста на резервата за преносна премија на датумот на извештајот за финансиската состојба.

(v) Побарувања и обврски од осигурување

Износите кои се должат на, и побаруваат од страна на, осигурениците, агентите и други побарувања претставуваат финансиски инструменти и се вклучуваат во побарувања и обврски од осигурување, а не во резервите по договорите за осигурување.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(в) Приходи

(i) Заработени премии од договори за осигурување

Сметководствените политики за признавање на приходите од договорите за осигурување се прикажани во белешка 5 (б).

(ii) Приходи од провизии и надомести

Приходите од провизии и надомести претставуваат приходи добиени од странски осигурителни компании и Националното Биро по основ на исплатени штети, како и приходи добиени од реосигурителите врз основ на договорите за реосигурување.

Приходите од провизии и надомести се признаваат кога соодветната услуга ќе се изврши.

(iii) Приходи од вложувања

Приходите од вложувања се состојат од приходите од финансиски средства. Приходот од финансиски средства се состои од приходи од камати и дивиденди, нето добивки од финансиските средства класифицирани како финансиските инструменти за тргување кои што се мерат по објективна вредност, како и остварени добивки од финансиските средства класификувани како расположливи-за-продажба.

(iv) Приходи од наем

Приходот од наем од недвижностите дадени под закуп се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка по пропорционална метода во времетраењето на закупот.

(г) Расходи од закупнини направени за оперативен наем

Плаќањата по основ на оперативен наем се признаваат како расход во извештајот за сеопфатната добивка според пропорционална метода во времетраење на наемот. Примените попусти се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка како составен дел на вкупните трошоци од наемот.

(д) Користи за вработените

(i) Планови за дефинирани придонеси

Друштвото плаќа придонеси во пензиските фондови во согласност со барањата на локалната законска регулатива и нема да има правни или изведени обврски за плаќање во иднина. Придонесите кои се утврдуваат врз основа на платата на вработените се уплаќаат во пензиските фондови, кои што се одговорни за исплата на пензиите.

Друштвото нема дополнителна обврска за плаќање по основ на овие планови. Обврските за уплата на придонеси се признаваат како расход во извештајот за сеопфатната добивка кога се пресметуваат.

(ii) Краткорочни користи за вработените

Краткорочните користи за вработените се мерат на недисконтирана основа и се признаваат кога соодветната услуга ќе се добие.

Друштвото признава обврска и расход за износот кој што се очекува да биде исплатен како бонус или како удел во добивката и доколку Друштвото има сегашна правна или изведена обврска да врши такви исплати како резултат на услуги дадени во минатиот период и доколку обврската може да се процени веродостојно.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(д) Користи за вработените (продолжение)

(iii) Останати долгорочни користи за вработените

Согласно македонската законска регулатива Друштвото исплаќа две просечни плати на вработените во моментот на заминување во пензија и јубилејни награди согласно критериумите утврдени во Општиот колективен договор. Долгорочните користи за вработените се дисконтираат за да се утврди нивната нето сегашна вредност. Друштвото нема дополнителна обврска за плаќање по овој основ.

(ѓ) Даноци

Трошокот за данок од добивка претставува збир на тековниот и одложениот данок од добивка. Согласно даночниот режим воспоставен во Република Македонија ("Сл. весник" бр.112 од 25.07.2014 година), Триглав Осигурување, Скопје е подложен на данок на добивка. Стапката на данокот на добивка изнесува 10%, а даночен период за кој се утврдува данокот на добивка е календарската година. Даночната основа се утврдува како разлика меѓу вкупните приходи и вкупните расходи на даночниот обврзник. Даночната основа за пресметка на данокот се зголемува за износот на непризнаени расходи утврдени во "Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данок на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување" и намален за износот на даночниот кредит.

Данокот на добивка во текот на годината се плаќа врз основа на месечни аконтации кои се пресметани врз основа на даночниот биланс за претходната година. На крајот на периодот на известување, се изготвува конечна пресметка на данокот на добивка за тековната година со која се врши порамнување на платените аконтации и конечната даночна обврска.

Признавање на резервации за данок

Во случај на неизвесни обврски за данок, резервации се признаваат во согласност со Меѓународен сметководствен стандард 37 - Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства, прифатен во Република Македонија ("МСС 37").

(е) Недвижности и опрема

(i) Признавање и мерење

Недвижностите и опремата се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загуби од оштетување. Вредноста на недвижностите и опремата на 1 јануари 2005 година, датумот на премин кон новите сметководствени стандарди, беше определена како претпоставена вредност на тој датум.

Набавната вредност ги вклучува трошоците кои што се директно поврзани со стекнувањето на средството. Купениот софтвер кој е интегрален дел од функционалноста на соодветната опрема се капитализира како дел од таа опрема.

Кога делови од ставките на недвижностите и опремата имаат различен корисен век, тие се евидентираат како одделни ставки (главни компоненти) на недвижностите и опремата.

Добивките и загубите од продажбите на недвижностите и опремата се определуваат споредувајќи ги надоместите од продажбата со сегашната вредност на недвижностите и опремата и се признаваат нето како останати приходи во извештајот за сеопфатната добивка.

(ii) Последователни издатоци

Издатоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата се додаваат на сметководствената вредност на средството кога е веројатно дека ќе има идни економски користи за Друштвото и трошоците на истиот може да се измерат веродостојно.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(е) Недвижности и опрема (продолжение)

Трошоците на секојдневното одржување на недвижностите и опремата се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка како трошоци како што настануваат.

(iii) Амортизација

Амортизацијата на недвижностите и опремата се признава во извештајот за сеопфатната добивка и се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба. Годишните стапки на амортизација согласно проценетиот корисен век на употреба за тековниот и претходниот период се како што следи:

	%
Градежни објекти	2,5
Опрема	10 - 25

Методот на амортизација, корисниот век на траење и резидуалната вредност на средствата се преоценува на секој датум на известување.

(ж) Нематеријални средства

(i) Сопствени средства

Нематеријалните средства набавени од Друштвото се искажани според набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загуби од оштетување.

(ii) Последователни издатоци

Последователни издатоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корист вклучена во дел од нематеријалните средства. Сите останати издатоци се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка како трошоци како што настануваат.

(iii) Амортизација

Амортизацијата на нематеријалните средства се признава во извештајот за сеопфатната добивка и се пресметува по пропорционална метода на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот проценет корисен век на употреба.

Годишните стапки на амортизација согласно проценетиот корисен век на употреба за тековниот и претходниот период се како што следи:

	%
Компјутерски програми за долгорочна примена (основен оперативен систем)	10%
Останати компјутерски програми	20%
Други нематеријални права	20%

Методот на амортизација, корисниот век на траење и резидуалната вредност на средствата се преоценува на секој датум на известување.

Оштетување на нефинансиски средства

Раководството на Друштвото на редовна основа ја проверува сметководствената вредност на нетековните и нематеријалните средства. Доколку постојат индикации дека таквите средства се оштететени, надоместувачката вредност на средствата се пресметува со цел да се утврди оштетувањето. Кога евидентираниот износ на средството е повисок од неговиот проценет надоместлив износ, тој веднаш се отпишува до неговиот надоместлив износ. Надоместливиот износ претставува повисокиот износ помеѓу нето продажната цена и употребната вредност на средствата.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(з) Финансиски средства

(i) Класификација

Финансиските средства се класифицираат во четири категории, зависно од целта за која биле стекнати. Четирите категории на финансиски средства се следните:

Финансиски средства чувани за тргување се финансиски средства кои што се стекнати со цел со истите да се тргува.

Вложувања чувани-до-достасаност се финансиски средства со фиксни или одредени периоди на отплата и со фиксен период на достасаност кои Друштвото има намера и можност да ги чува до периодот на достасување.

Заемите и побарувања одобрени од Друштвото се недеривативни финансиски средства со фиксни или определиви плаќања кои не котираат на активен пазар, со исклучок на финансиските средства кои се чуваат за тргување или се определени при почетното признавање како средства по објективна вредност преку добивка или загуба, или како расположливи за продажба. Со овие средства се обезбедуваат парични средства на клиентот и се разликуваат од оние кои се креираат со намера за остварување на профит на краток рок.

Вложувања расположливи-за-продажба се недериватни финансиски средства кои се класифицирани како расположливи за продажба или не се класифицирани како заеми и побарувања, вложувања кои се чуваат до доспевање, или финансиски средства според објективна вредност преку добивка или загуба. Хартии од вредност во оваа категорија се оние кои се наменети да се чуваат на неопределено време и може да се продадат доколку се појави потреба за ликвидност или одговор на промените во пазарните услови.

(ii) Признавање

Друштвото почетно ги признава заемите и поба рувањата, депозитите и обврските по заеми на денот кога тие се настанати. Сите останати финансиски средства и обврски почетно се признаваат на датумот на тргување на кој што Друштвото станува странка на договорните одредби за инструментот.

(iii) Депризнавање

Друштвото ги депризнава финансиските средства кога ги губи правата од договорот за паричните текови од средството, или кога ги пренесува правата на паричните текови од средството со трансакција во која сите ризици и награди од сопственоста на финансиското средство се пренесени на друг.

Доколку на пренесените финансиски средства Друштвото оствари камата и истата ја задржи, каматата се признава како посебно средство или обврска.

Друштвото ги депризнава финансиските обврски кога обврските определени во договорите се подмирени, откажани или истечени.

(iv) Нетирање

Финансиските средства и обврски се нетираат и нето износот се прикажува во извештајот за финансиската состојба само кога Друштвото има законско право да ги нетира признаените износи и има намера да ги порамни трансакциите на нето основа или да го реализира плаќањата истовремено.

Приходите и расходите се нетираат и нето износот се прикажува во извештајот за сеопфатната добивка само доколку тоа е дозволено со стандардите, или за одредени добивки и загуби кои што произлегуваат од групи на слични трансакции, како што се активностите за тргување.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(з) Финансиски средства (продолжение)

(v) Мерење

Сите финансиски средства почетно се мерат по нивната набавна вредност која претставува нивна објективна вредност зголемена за трансакционите трошоци коишто претставуваат трошоци кои можат директно да се припишат на стекнувањето на финансиското средство, освен финансиските средства чувани за тргување.

По почетното признавање, финансиските средства за тргување, и финансиските средства расположиви-за-продажба, Друштвото ги мери по нивната објективна вредност без било какви намалувања за трансакционите трошоци кои може да настанат при нивната продажба. Објективната вредност на финансиските средства кои котираат на активниот пазар се базира на нивната куповна цена на денот на извештајот за финансиската состојба. Доколку пазарот на кој котира финансиското средство не е активен, Друштвото ја утврдува објективната вредност на средството со примена на техники за вреднување. Техниките за вреднување вклучуваат употреба на нормални, комерцијални трансакции помеѓу запознаени, подготвени страни, ако се достапни, референца на тековната објективна вредност на друг инструмент кој е во суштина ист, анализа на дисконтирани парични текови и алтернативни модели на одредување на цената. Доколку вредноста на сопственичките инструменти неможе соодветно да се измери, тие се мерат по набавна вредност.

Друштвото ја одредува објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба преку дисконтирање на идните парични текови од средствата. Во периодите пред 1 јануари 2016 година како основа за дисконтирање се користеше приносот до доспевање на Еврообврзниците издадени од Р. С. Македонија. Во периодот по 1 јануари 2016 година, Друштвото како основа за дисконтирање започна да го користи приносот до доспевање на државните обврзници кои се издаваат на примарниот пазар во Р. С. Македонија. Промената беше извршена поради неколку фактори, а пред се поради измените во Законот за супервизија на осигурувањето со кои што на осигурителните компании во Р. С. Македонија им се оневозможи да инвестираат во овие финансиски инструменти. Дополнително, самата природа и карактеристики на Еврообврзниците е различна од државните обврзници кои се дел од финансиското портфолио на Друштвото и оттаму, нејзиното користење како основа за објективно вреднување постанува несоодветно.

Вложувањата чувани-до-достасаност и заемите и побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност со употреба на методот на ефективна камата, намалени за евентуалните загуби поради оштетување.

Остварените добивки и загуби, како и неостварените добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на финансиските средства кои се чуваат за тргување се вклучуваат во извештајот за сеопфатната добивка во периодот во кој настануваат.

Нето промените во објективната вредност на финансиските средства класифицирани како средства чувани за тргување го вклучуваат и приходот од камата.

Неостварените добивки и загуби кои произлегуваат од промените на објективната вредност на средствата расположливи-за-продажба се признаваат директно во капиталот, освен загубите од оштетување и добивките и загубите од курсни разлики на монетарните ставки како што се должничките хартии од вредност, кои се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка.

При продажба и оштетување на финансиските средства расположливи-за-продажба кумулативните добивки и загуби кои претходно биле признаени во капиталот се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка. Во случај кога финансиските средства расположиви-за- продажба носат камата, каматата пресметана по методот на ефективна камата се признава во извештајот за сеопфатната добивка.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(з) Финансиски средства (продолжение)

(s) Парични средства и парични еквиваленти

Паричните средства и паричните еквиваленти ги сочинуваат паричните средства во благајна, депозити по видување како и високоликвидните хартии од вредност со оригинален рок на достасаност помала од три месеци, кај кои постои незначителен ризик од промените во нивната објективна вредност.

Паричните средства и паричниот еквивалент се евидентираат во извештајот за финансиската состојба по амортизирана набавна вредност.

(и) Обезвреднување на средствата

(i) Недеривативни финансиски средства

На секој датум на известување финансиското средство кое не е по објективна вредност преку добивката и загубата се проценува за да се утврди дали има некој објективен доказ дека е обезвреднето. Финансиското средство се смета обезвреднето доколку постои објективен доказ дека се има случено настан на загуба после почетното признавање на средството, и дека настанот има негативен ефект на проценетите идни парични текови од тоа средство кои што можат да се проценат веродостојно.

Како објективен доказ дека финансиските средства (вклучувајќи ги и сопственичките хартии од вредност) се обезвреднети може да биде неисполнување на обврските или доцнење со плаќањата од страна на должникот, реструктуирање на износ од страна на Друштвото според услови кои Друштвото инаку не ги одобрува, индикации дека должникот банкротирал, негативни промени во платежната состојба на должниците или издавачите на Друштвото, економски услови кои кореспондираат со неисполнување на обврските или исчезнување на активниот пазар за хартии од вредност. Дополнително, за вложувања во сопственички инструменти, значителното или продолженото намалување на објективната вредност под неговата набавна вредност претставува објективен доказ дека средството е обезвреднето.

Заеми и побарувања

Друштвото издвојува загуби поради оштет ување согласно *Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси* кој стапи на сила од 1 јануари 2011 година. Согласно овој правилник, Друштвото ги класификува сите поединечни побарувања по основ на премија за осигурување и побарувања по основ на регрес во категории во зависност од времето на доцнење на исполнување на обврските, сметано од денот на доспевање на побарувањето. Друштвото утврдува загуба поради обезвреднување со примена на проценти кои во зависност од деновите на доцнење во интервали се пропишани во правилникот. Барањата на овој правилник се применуваат проспективно од денот на стапување во сила на истиот.

Загуба поради обезвреднување на финансиските средства мерени по амортизирана набавна вредност (останатите побарувања на Друштвото) се пресметува како разлика помеѓу сметководствената вредност и сегашната вредност на очекуваните идни парични текови, дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на средството. Загубите поради обезвреднувањето се признаваат во добивката или загубата и се рефлектирани во сметката за исправка на вредноста на заеми и побарувањата. Каматата на обезвреднетите средства продолжува да се признава. Кога последователен настан (на пример плаќање на долгот од страна на должникот) предизвика намалување на износот на загубата поради обезвреднување, намалувањето на загубата поради обезвреднување се анулира преку добивката или загубата.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(и) Обезвреднување на средствата (продолжение)

(i) Недеривативни финансиски средства (продолжение)

Финансиски средства расположливи за продажба

Загубите поради обезвреднување на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат со рекласификација на загубите акумулирани во резервата за објективна вредност во капиталот. Кумулативната загуба која е рекласификувана од главнината во добивката или загубата е разликата помеѓу набавната вредност при стекнувањето нето од сите плаќања во однос на главницата и амортизацијата, и тековната објективна вредност, намалена за сите загуби поради обезвреднување претходно признаени во добивката или загубата. Промените во исправка на вредноста како резултат на временската вредност на парите се признаваат како компонента на приходи од камати.

Доколку во последователен период, загубата поради обезвреднување на расположливите-за- продажба должнички инструмети се намали, загубата се анулира низ добивката или загубата.

Сепак, секое последователно зголемување на објективната вредност на обезвреднети расположливи-за-продажба сопственички хартии од вредност се признава во останата сеопфатна добивка.

(ii) Нефинансиски средства

Сметководствената вредност на нефинансиските средства на Друштвото, се проценуваат на секоја дата на која се сочинува извештајот за финансиската состојба за да се утврди дали постои индикација според која некое средство може да биде обезвреднето. Доколку таква индикација постои се проценува надоместувачкиот износ на средството.

Загуба поради обезвреднување се признава кога сметководствената вредност на средството или неговата единица која генерира пари го надминува неговиот надоместувачки износ. Единица која генерира пари е најмалата група на средства која може да се идентификува, којашто генерира парични приливи од континуирана употреба коишто во голем степен се независни од паричните приливи од други средства или групи на средства. Загубите поради обезвреднување се признаваат во извештајот за сеопфатната добивка.

Загубите поради обезвреднување признаени во однос на единиците кои генерираат пари се распределуваат на средствата во единиците (група на единици) на пропорционална основа.

Надоместувачкиот износ на средството или единицата која генерира пари е поголемата од неговата употребна вредност и неговата објективна вредност намалена за трошоците за продажба на средството. При проценката на употребната вредност, проценетите идни парични текови се дисконтираат до нивната сегашна вредност со употреба на дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и ризиците специфични за средството.

Загубата поради обезвреднување признаена во минати периоди се проценува на секоја дата на изготвување на извештајот за финансиската состојба заради утврдување на индикации дека загубата е намалена или можеби веќе не постои. Загубата поради обезвреднување се анулира доколку постои промена во проценките користени за утврдување на надоместувачкиот износ.

5. Значајни сметководствени политики (продолжение)

(ј) Резервирања

Резервирање се признава во извештајот за финансиската состојба кога Друштвото како резултат на минат настан има сегашна законска или изведена обврска која може веродостојно да се измери и е веројатно дека ќе има одлив од Друштвото за подмирување на обврската. Резервирањата се утврдуваат со дисконтирање на очекуваните идни парични текови користејќи дисконтна стапка пред оданочување која ги одразува тековните пазарни проценки на временската вредност на парите и каде што е потребно, ризиците специфични за обврската.

Резервирањата за неповолни договори се признава кога очекуваните користи кои произлегуваат од договорот се пониски од неизбежните трошоци за извршување на обврските по договорот. Резервирањето се мери по пониската сегашна вредност на очекуваните трошоци за прекинување на договорот и очекуваните нето трошоци од продолжување со работењето по договорот. Пред да го утврди резервирањето Друштвото признава, доколку има загуба поради обезвреднување на средствата поврзано со тој договор.

(к) Заеми

Каматоносните заеми на почетокот се признаваат по објективна вредност намалена за со нив поврзаните трансакциони трошоци. Последователно по почетното признавање, каматоносните заеми се искажани по амортизирана набавна вредност вклучувајќи ја и било која разлика помеѓу набавната вредност и надоместувачката вредност признаена во извештајот за сеопфатната добивка во текот на годината според методот на ефективна камата.

(л) Акционерски капитал

(i) Обични акции

Обичните акции се класификувани како капитал. Дополнителните трошоци директно поврзани со издавање на обични акции и опции на акции се признаваат како намалување од капиталот.

(ii) Откуп на сопствени акции

Кога Друштвото откупува сопствени акции, износот на платениот надомест, вклучувајќи ги и директните зависни трошоци, се признаваат како промени во капиталот. Откупените акции се класифицираат како сопствени акции и претставуваат одбитна ставка од вкупниот капитал. Кога сопствените акции последователно се продадени, добиениот износ се признава како зголемување во капиталот, и вишокот или кусокот од трансакцијата се пренесува на/од премии од акции.

(iii) Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврски во периодот кога се објавени.

(љ) Известување по сегменти

Оперативен сегмент е компонента на Друштвото вклучена во деловни активности од кои може да заработува приходи и да прави расходи, вклучувајќи приходи и расходи поврзани со трансакции со било кои компоненти на Друштвото. Оперативните резултати на оперативните сегменти на Друштвото редовно се прегледуваат од страна на Одборот на директори на Друштвото со цел за донесување на одлуки во врска со алокација на ресурсите на сегментот и оценување на нивната успешност, и за кои се расположливи дискреционни финансиски информации. Друштвото има само еден известувачки сегмент

6. Сметководствени проценки и расудувања

Друштвото прави проценки и претпоставки кои влијаат на износите на средствата и обврските во наредната финансиска година. Проценките и со нив поврзаните претпоставки постојано се предмет на преоценување и се темелат на минато искуство и други фактори, вклучувајќи ги очекувањата за идните настани за кои се верува дека се извесни во соодветните околности.

(i) Клучни извори на несигурност во проценките

Подолу се презентирани проценките и претпоставките во врска со обврските по основ на осигурување. Во белешката 7 се обелоденети факторите на ризик кои произлегуваат од овие договори.

Резерви по договори за осигурување

Претпоставките кои влијаат на прикажаните износи на средства и обврски од осигурување се користат за да се утврди резервата по договори за осигурување, која е доволна за да се покријат обврските кои можат да произлезат од договорите за осигурување, доколку тие можат да се предвидат.

Како и да е, земајќи ја во предвид неизвесноста при утврдувањето на резервацијата на неподмирени штети, возможно е дека крајниот резултат ќе се разликува од оригинално утврдената обврска.

Општи договори за осигурување

На датумот на извештајот за финансиската состојба се одредуваат резерви за очекуваните конечни трошоци за подмирување на сите штети кои настанале се до тој датум, без оглед дали се пријавени или не, вклучувајќи ги и трошоците за разрешување на штетите, намалени за износите кои се веќе исплатени.

Резервите за штети не се дисконтираат за временската вредност на парите.

Изворите на податоци употребени како влезни информации за градење на претпоставките се типични и интерни за Друштвото, притоа применувајќи детални анализи кои се прават најмалку еднаш годишно. Претпоставките се проверуваат со цел да се утврди дали се конзистентни со информациите од пазарот или други објавени информации.

Друштвото обрнува посебно внимание на тековните трендови.

Проценката на настанатите, но сеуште непријавени штети (“ИБНР”) генерално е предмет на повисок степен на несигурност во однос на проценките на пријавените штети, за кои што Друштвото располага со повеќе информации. ИБНР штетите многу често може да станат видливи за Друштвото дури по неколку години по случувањето на настанот кој ја предизвикал таа штета.

Секоја пријавена штета се проценува поодделно, земајќи ги во предвид условите во кои настанала штетата, информациите достапни од проценителите на штети и минатите искуства за големината на слични штети. Проценките по поодделните предмети редовно се прегледуваат и се ажурираат со нови информации.

Потешкотиите при проценувањето на резервите се разликуваат кај различните класи на осигурување од повеќе причини, вклучувајќи ги следниве:

- Разлики во условите на договорите за осигурување;
- Различна сложеност на штетите;
- Разлики во тежината на секоја штета;
- Разлики во периодот помеѓу настанувањето и пријавувањето на штетите.

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(i) Клучни извори на несигурност во проценките (продолжение)

Општи договори за осигурување (продолжение)

Кај одредени класи на осигурување може да постојат значајни одолговлекувања од моментот на пријавување на штетата до моментот на разрешување на истата, така да не може со сигурност да се знаат конечните трошоци на датумот на извештајот за финансиската состојба.

Вредноста на резервите за настанати, а сеуште непријавени штети се проценуваат со примена на статистички методи. Овие методи го екстраполираат развојот на платените и настанати штети, просечниот трошок по штета и конечниот број на штети за секоја година во која се случуваат несреќите, врз основа на набљудувањата на развојот во претходните години и очекуваните коефициенти на штети.

Клучниот статистички метод кој се применува е методот на верижно скалило - (Chain Ladder method) кој користи историски податоци за проценување на очекуваниот исход на платените и настанати штети.

Примената на историски податоци подразбира дека начинот на развој на штетите ќе се повторува и во иднина. Поради тоа што ова не е секогаш така, методите на проценка се менуваат во зависност од условите. Причините може да бидат:

- Економски, правни, политички и социјални трендови (кои резултираат со, на пример разлики во очекуваното ниво на инфлација);
- Промена во портфолиото на договорите за осигурување;
- Влијанието на големите загуби.

Штетите од општите договори за осигурување се плаќаат по настанување на штетата. Договорите се склучуваат на кратки рокови, најчесто за период од една година, при што Друштвото има обврски по сите настанати осигурани настани за времетраењето на договорот.

Пократкиот рок на разрешување на овие штети му овозможува на Друштвото да има поголема сигурност при проценката на трошоците за штети и да пресметува помало ниво на резерви за настанатите, но сеуште непријавени штети.

Претпоставки

Клучна претпоставка при проценките на Друштвото е искуството со развојот на штетите во минатото. Ова вклучува претпоставки за просечните трошоци за штети, трошоците за решавање на штетите, факторот на инфлацијата и бројот на штети во секоја година. При утврдувањето до која мера влијаат надворешните фактори, како што се судските одлуки и законската регулатива врз проценките се користи расудување.

Во текот на 2024 година немаше промена во претпоставките при утврдувањето на резервите по договорите за осигурување, а кои би биле материјални за финансиските извештаи.

(ii) Клучни сметководствени расудувања во примената на сметководствените политики на Друштвото

Одредени клучни сметководствени расудување во примената на сметководствените политики на Друштвото се презентирани подолу.

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(ii) Клучни сметководствени расудувања во примената на сметководствените политики на Друштвото (продолжение)

Класификација на договорите за осигурување

Договори за осигурување се договори со кои Друштвото прифаќа значителен ризик од осигурување од другата договорна страна (осигуреникот).

Класификација на финансиските средства и обврски

Сметководствените политики на Друштвото овозможуваат финансиските средства и обврски да бидат класификувани во одредени категории, во зависност од условите:

При класификацијата на одредено средство како чувано-до-достасаност, Друштвото има позитивна намера и способност за задржување на истото до рокот на достасаност, како што е презентирано во сметководствените политики во белешка 5.

(iii) Анализа на сензитивност

Друштвото го има проценето влијанието на промената на одредени клучни варијабли врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност.

Споредбено со тековната позиција на капиталот, добивката за годината, капиталот, коефициентот на покриеност и солвентност со сопствениот капитал на 31 декември 2024 година и 31 декември 2023 година се презентирани во табелата подолу.

За годината завршена на 31 декември 2024 година:

Во илјади денари	**Добивка за годината**	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Гарантен фонд**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	**52.435**	**943.979**	**208.396**	**184.485**	**453%**	**-**
2% зголемување на приносот од вложувања	53.764	945.308	208.396	184.485	454%	1%
2% намалување на приносот од вложувања	51.107	942.651	208.396	184.485	452%	(1%)
5% зголемување на настанати штети	22.711	914.255	208.396	184.485	439%	(14%)
5% намалување на настанати штети	82.160	973.704	208.396	184.485	467%	14%
2% зголемување на вкупните трошоци	40.077	931.621	208.396	184.485	447%	(6%)
2% намалување на вкупните трошоци	64.793	956.337	208.396	184.485	459%	6%
1% зголемување на курсот на МКД во однос на ЕУР	55.061	946.605	208.396	184.485	454%	1%
1% намалување на курсот на МКД во однос на ЕУР	49.809	941.353	208.396	184.485	452%	(1%)

6. Сметководствени проценки и расудувања (продолжение)

(iii) Анализа на сензитивност (продолжение)

За годината завршена на 31 декември 2023 година:

Во илјади денари	**Добивка за годината**	**Капитал и резерви**	**Потребно ниво на маргина на солвентност**	**Гарантен фонд**	**Коефициент на покриеност**	**Промена на коефициент на покриеност**
Тековна позиција на капиталот	**47.257**	**874.689**	**197.911**	**184.840**	**442%**	**-**
2% зголемување на приносот од вложувања	48.410	875.842	197.911	184.840	443%	1%
2% намалување на приносот од вложувања	46.104	873.536	197.911	184.840	441%	(1%)
5% зголемување на настанати штети	18.649	846.081	197.911	184.840	428%	(14%)
5% намалување на настанати штети	75.865	903.297	197.911	184.840	456%	14%
2% зголемување на вкупните трошоци	35.140	862.572	197.911	184.840	436%	(6%)
2% намалување на вкупните трошоци	59.374	886.806	197.911	184.840	448%	6%
1% зголемување на курсот на МКД во однос на ЕУР	50.527	877.959	197.911	184.840	444%	2%
1% намалување на курсот на МКД во однос на ЕУР	43.987	871.419	197.911	184.840	440%	(2%)

Резулатите од сите симулации покажуваат добро ниво на капитализираност на Друштвото. Најзначајно влијание врз добивката за годината, капиталот и коефициентот на покриеност има потенцијалната промена на настанатите штети.

При извршувањето на овие анализи претпоставка е дека останатите фактори се константни, а се менува само една варијабла. Треба да се нагласи дека информациите презентирани во табелите погоре се подготвени со примена на детерминистички пристап, така да не постои корелација помеѓу клучните варијабли и анализата не може да се пренесе на нив.

Каде што се смета дека варијаблите се нематеријални, не е проценето влијанието на незначајните промени на овие варијабли. Одредени варијабли може да не бидат материјални во моментот, но доколку се промени нивото на материјалност на одредена варијабла, треба да се направи проценка на влијанието на таа варијабла во иднина.

7. Управување со ризикот од осигурување и финансискиот ризик

Цели на управување со ризикот и политики за намалување на ризикот од осигурување

Управувањето на Друштвото со ризикот од осигурување и финансискиот ризик се критични за работењето на Друштвото. За општите договори за осигурување целта е да се одберат средства чиј рок и износ при достасување ќе биде усогласен со очекуваните парични одливи по основ на настанатите штети по тие договори.

Главната осигурителна активност на Друштвото претпоставува ризик од загуба од лица или организации кои што се директно изложени на ризикот. Овие ризици може да се однесуваат на имот, обврска, здравје, незгода или останати ризици што може да произлезат од осигурани настани. Друштвото е изложено на неизвесноста поврзана со времето на настанување, зачестеноста и тежината на штетите што произлегуваат од тие договори. Друштвото исто така е изложено и на пазарен ризик преку осигурителните и инвестиционите активности.

Друштвото управува со ризиците од осигурување преку поставување на лимити за осигурување, централизирано управување со реосигурувањето и следење на вонредни настани.

Стратегија за запишување на полиси за осигурување

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е да се постигне дисперзија со што би се обезбедило избалансирано портфолио и кое се базира на големо портфолио со слични ризици во текот на повеќе години, со што се намалува променливоста на резултатот.

Стратегијата на Друштвото за запишување на полиси за осигурување е презентирана во годишниот деловен план во кој се утврдени класите за осигурување, територијата на дејствување, како и индустриските сектори во кои Друштвото е подготвено да осигурува. Сите општи договори за осигурување се по природа годишни и осигурителот има право да одбие обновување или продолжување на истите, како и промена на условите на договорот при неговото продолжување.

Стратегија за реосигурување

